Четврток 5 Ноември 2009

ILO/09/00

**ЕМБАРГО: За објавување или известување после**

**12.00 часот на 5 Ноември 2009**

## ОПШТОТО НАМАЛУВАЊЕ НА РЕАЛНАТА ПЛАТА ВО ЗАПАДНИОТ БАЛКАН МОЖЕ СЕРИОЗНО ДА ЈА НАМАЛИ ПОТРОШУВАЧКАТА И ДА ГО ЗАБРЗА ЕКОНОМСКОТО УСПОРУВАЊЕ

## ИНСТИТУЦИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПЛАТИТЕ ИМААТ БРОЈНИ СТРУКТУРНИ СЛАБОСТИ

Сараево ( МОТ вести) - Реалните плати имаа значајно намалување во неколку земји од Западниот Балкан во 2008 година, се очекува и во текот на 2009 година реалните и номиналните плати да опаѓаат понатаму, како резултат на неодамнешните кратења на платите. Падот на реалните и номиналните плати може да го забрза намалувањето во потрошувачката и со тоа да го успори економското закрепнување на овие земји – покажува Извештајот на Меѓународната организација на трудот подготвен за подрегионалната Конференција на високо ниво посветена на „Влијанието на финасиската и економската криза: Утврдувањето на плата и одговори на политиките" која се одржува во Сараево, Босна и Херцеговина на 5-6 Ноември 2009 година. Трипартитни делегеции на Албанија, Босна и Херцеговина, бившата југословенска Република Македонија, Косово, Црна Гора и Србија ќе присуствуваат на конференцијата.

Покрај намалувањето на реалните плати, во некои земји како на пример Босна и Херцеговина и Србија е забележано и зголемување во неисплата на платите и каснење на платите. Кризата веројатно ќе го зголеми потпирањето на неформални исплаќања во готово или „плати во плико" со што се намалуваат плаќањата на придонесите за социјално осигурување и дополнително се еродира и така ниското ниво на пензии. Сите овие трендови ќе придонесат за намалени нивоа на потрошувачка. Веќе постојат знаци на намалена домашна побарувачка во одреден број земји на Западниот Балкан. Во Србија на пример, вкупната побарувачка во 2008-09 се намали за двоцифрен процент.

Покрај потреба да им се помогне на претпријатијата да ги зачуваат работните места, политиките на плати можат да играат важна улога во одржувањето на толку потребната побарувачка и обновување на довербата. Политиките на плати, истотака , можат да помогнат во намалување на сиромаштијата, која е сеуште висока во Западниот Балкан. Нивоата на плати остануваат најниски во Европа и често се под субстенцијалниот минимум. Со цел да се избегнат големи социјални трошоци не треба да се дозволи да се проширува понатаму појавата на ниски плаќања во потполна вработеност.

*Подобрување на утврдувањето на минимална плата*

Глобалниот Пакт за работни места, кој Г20 и други земји го прифатија како дел од итниот одговор на кризата, предупредува на заканата од дефлационата спирала на платите и цените и посочува на социјалниот дијалог, колективното договарање и минималните плати како средства за спротиставување на дефлацијата. Пактот ги опишува минималните плати како „ важен инструмент на политиките за социјална заштита" кој може да помогне во намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста, да ја зголеми побарувачката и да придонесе за економската стабилност. Земјите од Западниот Балкан следеа две спротивни насоки во однос на минималната плата: некои земји, како

Србија, одлучија да ги зголемат минимални плати во реална смисла, додека други ги замрзнаа. Кризата, кај повеќето земји од Западниот Балкан, откри бројни структурни слабости во институциите и политиките поврзани со платите. Ќе биде од голема важност да се продолжат реформите насочени кон подобрување на утврдувањето на минимална плата, согласно Конвенцијата на МОТ за утврдување на минимална плата, 1970 (Бр.131). Конвенцијата е ратификувана од Албанија, Босна и Херцеговина, бившата југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија.

*Поврзување на платите со продуктивноста*

Некои национални извешатии подготвени за конференцијата ( на пример за Албанија) покажуваат дека и пред кризата платите беа многу слабо поврзани со економските перформанси. Ова се одрази на главно намалувачкиот удел на платите од средината на 1990 - тите. Поврзувањето на платите со продуктивноста ќе дозволи платите да се зголемат штом дојде од економско закрепнување и ќе овозможи флексибилност на платите во време на надолна линија на економијата, со тоа помагајќи да се зачуваат работните места. На ниво на претпријатие, поврзувањето на платите со перформансите може да биде важен инструмент за стимулирање на продуктивноста.

*Платите и даночните реформи*

Во многу земји на подрегионот, посточеката структура на системот за оданочување на трудот (не само данокот на приход туку и правилата за придонеси од социјално осигурување) делува неправично и неефикасно. Рамната даночна стапка која преовладува во неколку земји, како на пример во Србија, може да има негативни ефекти врз нето платите и куповната моќ на работниците.

Даночните реформи поврзани со персоналниот данок на приход, како на пример во Албанија – каде не постои прогресивност во персоналниот данок на приход по воведувањето на рамната стапка од 10 % - имаше негативно влијание врз работниците со најниски примања. Исто така ја зголеми разликата во платите. Истовремено, тоа доведе до забележливо намалување на придонесите од социјално осигурување, претставувајќи значајно намалување на приходите на државата. Како што се виде од анкета направена од МОТ во секторот градежништво (МОТ, 2008б)[1], постојат докази дека тоа го потхрани зголемувањето на неформалното вработување ( 72% изјавија дека нивните плати се неформални).

Секое движење кон прогресивно оданочување и намалување на даночниот товар врз ниско платениот труд ќе доведе до подобрувања во смисла на ефикасност и на социјална правда. Истовремено, даноците треба да се реформираат за да се ограничи праксата на „плата во плико“ и да се мотивираат работодавачите да ги пријавуваат реалните плати на работниците, наместо само минимумот плата.

*Потреба од посистематско собирање на статистика на плати*

Студијата на МОТ истакна еден сериозен парадокс. Иако платите остануваат главно прашање при колективното преговарање, постојат малку податоците за платите и тие се непрецизни. Недостасува и официјална проценка на субстенцијалниот минимум или линија на сиромаштија. Незаменлив услов за ефективни политики на плата е владата и социјалните партнери да имаат еднаков пристап до релевантните информации и податоци, како и да имаат алатки и

[1] МОТ, 2008б. „ Соочување со проблемот на непријавената работа во секторот градежништво во Албанија преку социјално партнерство“, МОТ – Албанија, Септември. Тирана

капацитет за потполно разбирање на импликацииите од одлуките на политиките на плати врз продуктивноста, инфлацијата и вработеноста.

*Социјален дијалог за подобро прилагодување на политиката на плати кон кризата*

Генерално, повеќето работници во ниско-платените сектори не се покриени со колективното договарање. Ефективноста на социјалниот дијалог затоа треба да се подобри за да се ограничат ефектите на кризата на тие кои заработуваат ниски плати. Трипартитни дискусии можат да помогнат да се дојде до решенија со консензус во однос на справувањето со изворите на економската и социјалната криза. Приходите и политиката на плати траба да се дебатираат на национално ниво заедно со другите важни прашања, како даночните и пензиските реформи, заклучува студијата на Меѓународната организација на трудот.

***********

*За понатамошни детали, ве молиме контактирајте ја Подрегионална канцеларија на МОТ во Будимпешта на + 36-1-473-2656 или horvathd@ilo.org*